# ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВРЗ РАЗВОЈОТ, КВАЛИТЕТОТ НА ОДЛУКИТЕ И ПРОЕКТИТЕ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРААТ ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


**АПСТРАКТ:**

Секој народ и секоја држава сакаат да создадат транспарентна, одговорна и ефикасна Влада и локална самоуправа која ќе нуди квалитетен живот, квалитетни услуги, ефикасни јавни сервиси, решавање бројни проблеми и задоволство кај граѓаните.

Законите и подзаконските акти се тие кои ја дефинираат релацијата помеѓу власта и локалната самоуправа и кои придонесуваат за влијанието на политичките партии врз развојот, квалитетот на одлуките и проектите кои ги реализираат единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Децентрализацијата е другиот чекор кон повисок развој на демократијата, поуспешна држава и транспарентност при трошењето на народните пари. Вистинското, што сите го знаеме, е дека општините немаат доволно средства за да ги финансираат надлежностите што им се пренесени. Фискалната децентрализација на одреден начин претставува самостојно управување со пренесените и делегирани надлежности на единиците на локалната самоуправа преку низа реформи за зголемување на нивната фискална автономија. Со фискалната децентрализација се наидува на проблем со меѓувладините трансфери. Друг проблем е начинот на распределба на дотациите. Надлежните министерства и фондовите при распределба на капиталните дотации се должни да им дадат приоритет на оние проекти кои имаат целосно обезбедени финансиски средства, односно реални извори на приходи. Најчесто кај нас се случува капиталните дотации да бидат во функција на реализирање на политиките на централната власт, а најмалку да ги следи вистинските потреби на општините.

Би се рекло, и покрај законската рамка која ги дава главните насоки, сеуште постои потреба од развивање и организирање на капацитети за самоорганизирање на локалните самоуправи во насока на развивање на општините, без политичко влијание, за доброто на најголем број граѓани во заедницата.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

„ Политичка партија" е секоја доброволна организација на граѓани формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања, и заради учество во процесот на политички одлуки при учество во власта.

„ Финансирање на политичка партија" се активностите на политичката партија поврзани со обезбедување на финансиските средства за своето дејствување и работа, и нефинансиските донации, како што се: донирање опрема, донирање во вид на професионални услуги и други видови

непарични донации.

„ Извори на финансирање на политичката партија" се сите финансиски средства и приходи кои политичката партија ги обезбедува за своето работење, под услови предвидени со закон.

„ Дотација" е трансфер од Буџетот на Република Македонија и буџетите на фондовите до буџетот на општината.

„ Наменска дотација" е дотација наменета за финансирање на конкретна активност.

„ Капитална дотација" е дотација наменета за финансирање општински проекти за капитални инвестиции.

„ Блок дотација" е дотација наменета за финансирање на надлежностите во определена област утврдена со закон.

„ Дотација за делегирана надлежност" е трансфер на средства од буџетот на органот на државната управа до буџетот на општината, што се користи за финансирање на делегирана надлежност.

# INFLUENCE OF POLITICAL PARTIES OVER THE DEVELOPMENT, QUALITY OF DECISION AND PROJECTS REALIZED BY MUNICIPALITIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA


## ABSTRACT

Every nation and every country wants to create an accountable, transparent and effective government and local government which will offer good quality of life, efficient public services, solving many problems and satisfaction of citizens.

Our laws and regulations are those that define the relation between government and local government and contribute to the influence of political parties over the development, quality of decisions and projects realized by municipalities in our country.

Decentralization is another step to development of democracy, successful state, and transparency in public finance. We know that our municipalities do not have enough finance for fiscal autonomy.

With Fiscal decentralization we have a problem with intergovernmental transfers. Another problem is how to distribute the grants. Our ministries give priority to those projects that have provided funds. Often, the capital grants are aimed at implementing the policies of the central government, not to follow the real needs of municipalities.

We have legal framework that provides the guidelines for influence of political parties, but municipalities without political influence still need to be developed.

## KEYWORDS:

"Political party" is a voluntary organization of citizens formed for realization and protection of political, economic, social, cultural and other rights and beliefs, and for participation in the policy making process for participation in the government.

" Financing a political party " shall refer to activities of the political party related to providing funds for its activity and operation and non-financial donations, donations in form of professional services and other types of non-monetary donations.

" Sources of financing the political party " shall refer to all funds and incomes that the political party provides for its operation, under the conditions stipulated by law.

" Grant " is a transfer from the Budget of the Republic of Macedonia and the budgets of the Funds to the municipal budget.

" Earmarked Grant " is a grant designed for financing a concrete activity.

" Capital Grant " is a grant intended for financing municipal capital investment projects.

" Block Grant " is a grant intended for financing the competencies in certain area determined by law.

" Grant for delegated competencies " is a transfer from the budget of the state administration body to the municipal budget used for financing of a delegated competence.